ВТОР

Извештај за медиумското покривање на Референдумот 2018

19-27.09.2018

МЕТОДОЛОШКИ НАПОМЕНИ

Извештајов се однесува на вторите девет дена од мониторингот на медиумското претставување за време на референдумот (од 19 до 27 септември 2018 година). Ги покажува наодите за начинот на покривање на референдумот во централната дневно-информативна емисија, во посебните информативни емисии и во другите програми на радиодифузерите.

Со примерокот за мониторинг беа опфатени по два телевизиски и радио канали на Јавниот радиодифузен сервис (Македонско радио 1, Македонско радио - Програма на албански јазик, МРТ1 и МРТ2 – Програма на албански јазик), телевизии со дозвола за емитување на државно ниво (терестријалните телевизии: Алсат-М, Алфа, Канал 5, Сител и Телма; сателитските: 24 Вести, Сонце и Наша; и кабелските телевизии: 1 ТВ, Компани 21-М, Клан Македонија и Шења). Од националните комерцијални радија со примерокот е опфатен само Канал 77, зашто другите две радија не емитуваат информативна програма.

И овој пат беше анализирана вкупната 24-часовна програма, со акцент на централната дневно-информативна емисија и на другите програми во кои се третираше референдумот.

Во вестите се анализираа сите прилози, без настаните од светот (освен доколку не се однесуваа на Македонија), спортот, временската прогноза и генералната најава. Притоа информациите за референдумот беа кодирани во четири методолошки категории: „Референдум – ЗА“, „Референдум – ПРОТИВ“, “Референдум – БОЈКОТ“, „Други прилози во врска со референдумот“, а сите останати прилози влегуваа во категоријата „Други теми (што не се поврзани со референдумот)“.

КЛУЧНИ НАОДИ

И во вториот извештаен период, медиумите опфатени со мониторингот генерално настојуваа да обезбедат информации за различните аспекти на референдумскиот процес, што се одразува во големото присуство на прилози вброени во методолошката категорија „Други прилози во врска со референдумот“, која го вклучува и ставот на ВМРО ДПМНЕ дека на 30 септември граѓаните треба самите да одлучат како да постапат.

Кај најголемиот дел од радиодифузерите се забележува поголема застапеност на ставовите „ЗА“ референдумот, како преку активностите на Коалицијата „Заедно за европска Македонија“, ставовите на партиите на Албанците во Македонија, така и преку пораките на странските политичари, кои во овие девет дена поотворено повикуваа да се гласа „ЗА“.

Кај ниту еден медиум нема прилози со ставот „ПРОТИВ“ што е резултат на тоа што отсуствуваше агитација за оваа опција.

Информациите за активностите и ставовите за „БОЈКОТ“ на референдумот се присутни помалку и главно се однесуваа на изјавите на претседателот Ѓорге Иванов, Кризниот штаб „Македонија бојкотира“, Светскиот Македонски Конгрес и Левица.

На Програмите на албански јазик на МРТ 2 и на Македонско Радио, како и на ТВ Шења, се забележува голем обем вести и извештаи од експлицитните, формално организирани облици на референдумска кампања на Коалицијата „Заедно за европска Македонија“ и на партиите на Албанците во Македонија.

За разлика од дневно-информативните емисии, повеќето радиодифузери настојуваа да обезбедат разновидност на ставовите во посебните информативни емисии.


Структура на вестите по теми - ТВ 19-27.09.2018
МРТ1
0:24:06
0:09:16
1:32:08
1:35:09
МРТ2
1:05:27
0:07:13
1:34:33
1:40:35
Алсат-М
0:16:09
0:03:20
1:12:24
2:24:43
Алфа
0:09:32
0:13:04
2:18:41
1:48:44
Канал 5
0:25:43
0:09:47
2:07:22
1:28:37
Сител
0:09:25
0:12:18
1:40:17
2:29:17
Телма
0:06:21
0:05:44
1:45:32
1:41:22
24 Вести
0:07:23
0:07:03
2:16:47
3:24:27
Сонце
0:05:21
0:18:57
1:07:39
1:04:14
1 ТВ
0:36:19
0:07:09
2:04:50
1:11:50
21-М
0:25:11
0:01:32
1:00:31
1:29:42
Клан МК
0:20:27
0:00:56
1:48:17
0:55:03
Шења
0:52:35
0:03:41
1:20:52
1:05:11
Референдум - ЗА
Референдум - БОЈКОТ
Други прилози во врска со референдумот
Други теми

Структура на вестите по теми - РА 19-27.09.2018

ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ 1)

Дневно-информативни емисии

Анализата се однесува на девет изданија на вестите на Првиот програмски сервис на Македонската телевизија, емитувани во 19.30 часот (Дневник 2), во периодот од 19 до 27 септември 2018 година. Вкупното времетраење на анализираните прилози е 3 часа 40 минути и 39 секунди. Жанровски најзастапени се извештаите, а следуваат вести, интервјуа, изјави, соопштенија.

Централната дневно-информативна емисија на Првиот програмски сервис на Македонската телевизија и во вториот извештаен период беше отворена за пренесување различни погледи и ставови во врска со референдумското изјаснување и Договорот со Грција. За прилозите во кои се известува за ставови/активности со одредница да се одговори „ЗА“ на референдумското прашање беа одвоени 24 минути и 6 секунди. За активностите на субјектите коишто го застапуваат ставот „Бојкотирам“, беа одвоени прилози со вкупно времетраење од 9 минути и 16 секунди (информации од активностите на Кризниот штаб „Македонија бојкотира“, прилози од прес-конференции на граѓанските здруженија „Сите за унитарна Македонија“ и „Светски македонски конгрес“ и информации од говорите на претседателот Ѓорге Иванов при средбите со македонските иселеници во САД, каде што го истакна својот став дека ќе го бојкотира референдумското изјаснување). Меѓу трите категории во вестите коишто се појавуваат на МРТ1, а во коишто методолошки се класифицирани прилозите поврзани со настаните околу референдумот, временски повторно се најзастапени прилозите од категоријата „Други прилози во врска со референдумот“, којашто зафаќа нешто повеќе од две петтини (1 час и 32 минути) од вкупното време на анализираните прилози во вестите. Во рамки на оваа категорија, на четири субјекти (Влада на РМ, ДИК, Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари и ВМРО ДПМНЕ) отпаѓаат повеќе од четири петтини од нејзиното вкупно времетраење. Временски е најзастапен субјектот Влада на РМ, пред се како резултат на средбите со странските политичари поврзани со референдумот. Во времето на Владата (25 минути и 11 секунди) влегува и деветипол минутното интервју што МРТ1 го емитуваше со премиерот Зоран Заев по средбата со американскиот потпретседател, Мајк Пенс. Активностите на повеќе владини структури поврзани пред се со техничките аспекти на спроведувањето на референдумот, за коишто информираше МРТ1, ја комплетираат застапеноста на Владата како субјект. Во очи на референдумот, телевизијата позасилено информираше и за активностите на ДИК, емитувајќи во рамки на вестите и тринаесет минутно интервју со претседателот на Државната изборна комисија, Оливер Деркоски. Средбите со владините претставници и пораките што некои од светските лидери ги испраќаа до македонските гласачи во насока да го остварат гласачкото право, ја оправдуваат застапеноста на странските политичари во оваа тема. Следени беа и активностите на најголемата опозициска партија ВМРО ДПМНЕ поврзани со Договорот од Преспа и околу нејзиното позиционирање во врска со референдумското изјаснување.

„Другите теми што не се поврзани со референдумот“ во вестите од 19.30 часот се застапени со вкупно времетраење од 1 час 35 минути и 9 секунди. Без малку една третина од тоа време (27 минути и 38 секунди) беше одвоено за прилозите за редовните активности на владините претставници (неповрзани со референдумот).

Табела 1: Структура на субјектите по теми	МРТ 1	
Тема	Траење	Процент
Референдум - ЗА		
Беса (Билал Касами)	00:00:40	2,77%
Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“	00:09:26	39,14%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:05:02	20,89%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:02:31	10,44%
Алијанса на Албанците	00:00:21	1,45%
Влада на РМ	00:04:07	17,08%
Други субјекти	00:01:59	8,23%
	Вкупно за тема: 00:24:06	100%

Референдум - БОЈКОТ		
Граѓански сектор	00:02:46	29,86%
Претседател на РМ	00:04:49	51,98%
Кризен штаб „Македонија бојкотира“	00:01:41	18,17%
	Вкупно за тема: 00:09:16	100%
Други прилози во врска со референдумот		
ВМРО ДПМНЕ	00:12:27	13,51%
Судство	00:01:03	1,14%
Граѓански сектор	00:01:47	1,94%
Левица	00:01:03	1,14%
Влада на РМ	00:25:11	27,33%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:17:18	18,78%
Собрание на РМ	00:03:12	3,47%
ДИК и други органи	00:19:46	21,45%
Јавно обвинителство	00:01:39	1,79%
Претседател на РМ	00:06:34	7,13%
СДСМ	00:01:02	1,12%
Други субјекти	00:01:06	1,19%
	Вкупно за тема: 01:32:08	100%
Други теми (што не се поврзани со референдумот)		
Други субјекти	00:22:54	24,07%
Локална самоуправа	00:03:35	3,77%
Влада на РМ	00:27:38	29,04%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:12:17	12,91%
ВМРО ДПМНЕ	00:02:08	2,24%
Граѓански сектор	00:06:30	6,83%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:10:06	10,61%
Јавно обвинителство	00:00:47	0,82%
Претседател на РМ	00:08:12	8,62%
Судство	00:00:27	0,47%
Граѓани	00:00:35	0,61%
	Вкупно за тема: 01:35:09	100%
	Вкупно: 03:40:39	

Во вкупното времетраење на директните обраќања коишто се однесуваат исклучиво на прилозите поврзани непосредно или посредно со референдумот (1 час 5 минути и 40 секунди), временски речиси подеднаков простор е одвоен на два субјекта: Влада на РМ (15 минути и 21 секунда) и Државната изборна комисија (14 минути и 53 секунди), пред се поради споменатите разговори со премиерот и со претседателот на ДИК, емитувани во рамки на вестите. Следните три субјекти, Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија“, ВМРО ДПМНЕ и странските политичари, имаат меѓусебно приближно еднакво време за директни обраќања (по околу 7 минути). Следуваат Претседател на РМ (4 минути и 23 секунди), ДУИ (2 минути и 59 секунди), претставниците на граѓанските здруженија што се за бојкот на референдумот (2 минути и 14 секунди) итн.

Првиот програмски сервис на Македонската телевизија продолжи изданието на вестите во 17.00 часот да го емитува со превод на знаковен јазик со цел да биде достапно за лицата со овој вид сетилна попреченост.

Дебати

МРТ 1 и во вториот извештаен период емитуваше соочувања (дуели) во рамки на серијалот дебатни емисии под наслов „Референдум 2018“. Беа емитувани вкупно пет премиерни соочувања и четири репризни изданија на дебатите. Дебатните емисии беа отворени за пренесување различни ставови и погледи во врска со референдумското изјаснување. Во три од дебатните емисии ставовите ги сопоставија претставници на двете најголеми партии, ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, коишто застапуваа различни погледи

врзани околу претстојниот референдум и околу постигнатиот договор со Грција. Во две од дебатните соочувања, гостуваа претставници на субјектите коишто повикуваа на бојкот на референдумот, во едната од Светскиот македонски конгрес, а во другата од Кризниот штаб „Македонија бојкотира“. Со аргументи против бојкот на референдумот им се спротивставија аналитичари на политичките случувања.

Интервјуа

Во рамки на истата емисија „Референдум 2018“ беше емитувано интервју со Јагода Шахпаска од СДСМ. Емисијата била замислена како дебатна, во којашто требало да гостува и претставничка од ВМРО ДПМНЕ, но партискиот портпарол ја известил телевизијата дека нивната претставничка, поради други обврски, не може да учествува во дебатата. Во наредните денови, таа беше дел од дебатно соочување со претставник на СДСМ.

Информативна програма

На 27 септември, Првиот програмски сервис на Македонската телевизија во живо го пренесуваше обраќањето на претседателот Ѓорге Иванов од 73-то Генерално собрание на Обединетите нации.

Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ 2)

Дневно-информативни емисии

Неколкудневната посета на т.н. „Мешовит парламентарен комитет на ЕУ“, реализирана преку средби со лидерите на парламентарните политички партии од Република Македонија, како и заедничките предреферендумски настапи на Владата и на претставници од меѓународна заедница, тоа беа двете преовладувачки теми регистрирани во обемната статистика за информативното време што редакцијата на МРТ 2 на албански јазик го обмисли околу темата - Референдум, во централниот ТВ Дневник од 18 часот и 30 минути, за периодот од 19 до 27 септември 2018 година. Прилозите за оваа тема, во статистиката обединети под методолошкиот наслов – „*Други теми поврзани со Референдумот*“, опфаќаат вкупно 1 час 34 минути и 33 секунди, при што со двоцифрена минутажа, составена од вести, извештаи и куси интервјуа, застапени се јавните настапи на – Владата (19 минути), претставници на меѓународната заедница (16 минути), ВМРО ДПМНЕ (12 минути), како и мислењата на политиколошко-правните експерти (11 минути).

И во овој, завршен предреферендумски период, МРТ 2 на албански јазик произведе 1 час и 5 минути вести и извештаи од експлицитните, формално организирани облици на референдумска кампања, со доминантно известување од настапите на политичките партнери – СДСМ и ДУИ, од Коалицијата „Заедно за европска Македонија“ (под ставката – „други субјекти“, прибележени се прореферендумските ставови на Исламската верска заедница). На опцијата што агитираше за „бојкот“ на Референдумот ѝ беа отстапени вкупно 7 минути, вклучително со експозето на Ѓорге Иванов, претседателот на државата, пред македонската дијаспора во САД.

Табела 1: Структура на субјектите по теми	МРТ 2	
Тема	**Траење**	**Процент**
Референдум - ЗА		
ДПА - Демократска партија на Албанците	00:07:30	11,46%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:05:32	8,45%
СДСМ	00:10:03	15,36%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:17:52	27,30%
Беса (Африм Гаши)	00:01:55	2,93%
Беса (Билал Касами)	00:06:27	9,85%
Влада на РМ	00:06:54	10,54%
Граѓански сектор	00:01:12	1,83%
Други субјекти	00:03:44	5,70%
Алијанса на Албанците	00:02:11	3,34%
НДП - Весел Мемеди	00:02:07	3,23%

	Вкупно за тема: 01:05:27	100%
Референдум - БОЈКОТ		
Граѓански сектор	00:01:47	24,71%
Кризен штаб „Македонија бојкотира“	00:01:57	27,02%
Претседател на РМ	00:03:29	48,27%
	Вкупно за тема: 00:07:13	100%
Други прилози во врска со референдумот		
Влада на РМ	00:18:56	20,02%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:16:25	17,36%
ВМРО ДПМНЕ	00:11:57	12,64%
ДИК и други органи	00:08:15	8,73%
Собрание на РМ	00:04:33	4,81%
Експерти/аналитичари	00:10:31	11,12%
СДСМ	00:01:27	1,53%
Граѓански сектор	00:03:50	4,05%
Други субјекти	00:09:33	10,10%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:01:17	1,36%
Левица	00:00:27	0,48%
Судство	00:01:51	1,96%
Беса (Билал Касами)	00:00:58	1,02%
Јавно обвинителство	00:03:27	3,65%
Локална самоуправа	00:01:06	1,16%
	Вкупно за тема: 01:34:33	100%
Други теми (што не се поврзани со референдумот)		
Влада на РМ	00:30:20	30,16%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:13:51	13,77%
Други субјекти	00:23:55	23,78%
Локална самоуправа	00:07:43	7,67%
Специјално обвинителство	00:03:51	3,83%
СДСМ	00:00:30	0,50%
ВМРО ДПМНЕ	00:01:23	1,38%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:07:44	7,69%
Граѓански сектор	00:03:49	3,79%
Судство	00:04:22	4,34%
Јавно обвинителство	00:00:53	0,88%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:01:18	1,29%
Собрание на РМ	00:00:56	0,93%
	Вкупно за тема: 01:40:35	100%
	Вкупно: 04:27:48	

Широк спектар покажува и статистиката за т.н. - „директни обраќања“ (вкупно – 1 час и 14 минути), односно - автентичните, тонски цитати со кои беа проследени јавните искази на домашни и на странски политичари од различна провениенција, а консеквентно на досега изложената статистика за најагилните фигури во ангажманот за некоја од референдумските опции, и во оваа методолошка ставка предничат медиумските појави - на Владата, на ДУИ како коалициски партнер на владејачката СДСМ, и на претставниците на меѓународната заедница.

Во обемниот информативен дел за „Теми што не се поврзани со Референдумот“, со вкупен информативен опфат од 1 час и 41 минута, редовно беше известувано за тековните судски процеси во врска со т.н. „Крвав собраниски четврток“, но и за случаите што ги води Специјалното јавно обвинителство. Место во статистиката за оваа категорија најдоа и активностите на локалната самоуправа, социјални теми, како и теми од македонското здравство, бизнисот и образованието.

Дебати

Во последните денови пред гласањето за Референдумот, организирани се две дебати: едната меѓу аналитичарите – Абдулади Весели, Алберт Хани и Ќажиф Бакиу, а другата со Реџаил Исмаили од ДУИ, Ремзи Мехмеди од Алијансата на Албанците и со Реџеп Мемети од БЕСА.

Интервјуа

На референдумски теми, секој од свој аспект, во дијалог со новинарите на информативната редакција на МТВ 2 влегоа - Џабир Дерала, граѓански активист од НВО „Цивил“, и Фатмир Битиќи, економски експерт и советник од Кабинетот на премиерот на Република Македонија.

Македонско радио – Прв програмски сервис (МР 1)

Дневно-информативни емисии

Во деветте дена од вториот извештаен период со анализата се опфатени осум изданија на централната дневно-информативна емисија „Пладневен весник“, емитувана во 15.30 часот и едно издание на дневно-информативната емисија „Дневни новости“, што во недела, во 14.00 часот, се емитува на Првиот програмски сервис на Македонското радио. Вкупното времетраење на прилозите што се предмет на мониторинг во деветте денови од извештајниот период е 3 часа 41 минута и 20 секунди. Жанровски остануваат најзастапени извештаите и вестите во анализираните дневно-информативни емисии, а емитувани се и соопштенија, изјави и др.

Вестите на Првиот програмски сервис на Македонското радио и во вториот извештаен период беа отворени за пренесување на различните погледи и ставови во врска со референдумското изјаснување и Договорот со Грција. За прилозите во кои се известуваше за ставови/активности со одредница да се одговори „ЗА“ на референдумското прашање се одвоени 23 минути и 2 секунди. Активностите на субјектите коишто го застапуваат ставот „Бојкотирам“ беа проследени со вкупно времетраење од 10 минути и 56 секунди. Македонското радио – Радио Скопје информираше за активностите на субјектите кои водеа кампања под името Кризен штаб „Македонија бојкотира“, извести за ставовите изнесени на прес-конференциите на граѓанските здруженија „Сите за унитарна Македонија“ и „Светски македонски конгрес“, а го пренесе и ставот на претседателот Ѓорге Иванов, искажан на средбите со македонските иселеници во САД, дека ќе го бојкотира претстојното референдумско изјаснување. Меѓу трите методолошки категории посредно или непосредно поврзани со референдумот, коишто се дел од вестите на Првиот сервис на Македонското радио, временски најзастапена е „Други прилози во врска со референдумот“ (1 час и 26 минути). Во рамки на оваа категорија, како и во првиот извештаен период, позначително време е одвоено за активностите на најголемата опозициска партија ВМРО ДПМНЕ (речиси 25 минути), што е безмалку една третина од вкупното време на прилозите методолошки кодирани во оваа категорија. Медиумот ги следеше теренските активности на партијата (средби со граѓани, протестни маршеви), а редовно известуваше и од партиските прес-конференции на тема референдум и штетните последици од потпишаниот Договор од Преспа. Средбите на владините претставници со странските дипломати, пораките на некои од странските политичари до македонските граѓани, информациите за активностите на некои министерства поврзани со техничките аспекти на реализација на референдумот, се во најголем дел прилозите коишто придонесуваат субјектите Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари и Влада на РМ во оваа категорија да бидат застапени со 17 минути и 50 секунди, односно 15 минути.

„Другите теми што не се поврзани со референдумот“ се застапени со вкупно времетраење од 1 час 41 минута и 21 секунда. Информациите за редовните активности на владините претставници (неповрзани со референдумот) се најзастапени во оваа категорија и оттука субјектот Влада временски доминира со безмалку една третина (31 минута и 46 секунди) во вкупното време на оваа категорија.

Табела 1: Структура на субјектите по теми	МР 1	
Тема	Траење	Процент
Референдум - ЗА		
Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“	00:17:16	74,96%
Беса (Билал Касами)	00:00:39	2,82%

ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:01:40	7,24%
Беса (Африм Гаши)	00:00:40	2,89%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:02:47	12,08%
	Вкупно за тема: 00:23:02	100%
Референдум - БОЈКОТ		
Кризен штаб „Македонија бојкотира“	00:02:59	27,29%
Граѓански сектор	00:01:58	17,99%
Претседател на РМ	00:05:59	54,73%
	Вкупно за тема: 00:10:56	100%
Други прилози во врска со референдумот		
Граѓански сектор	00:02:31	2,93%
ВМРО ДПМНЕ	00:24:57	29,01%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:17:50	20,73%
Влада на РМ	00:15:09	17,61%
Други субјекти	00:08:34	9,96%
ДИК и други органи	00:10:39	12,38%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:00:28	0,54%
Судство	00:00:54	1,05%
Левица	00:00:54	1,05%
Собрание на РМ	00:01:26	1,67%
СДСМ	00:00:48	0,93%
Јавно обвинителство	00:01:51	2,15%
	Вкупно за тема: 01:26:01	100%
Други теми (што не се поврзани со референдумот)		
Претседател на РМ	00:10:36	10,46%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:09:25	9,29%
Влада на РМ	00:31:46	31,34%
Други субјекти	00:21:25	21,13%
Експерти/аналитичари	00:01:05	1,07%
Граѓански сектор	00:05:57	5,87%
Судство	00:02:23	2,35%
Јавно обвинителство	00:01:16	1,25%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:07:11	7,09%
Локална самоуправа	00:04:14	4,18%
Собрание на РМ	00:01:25	1,40%
Без субјекти	00:00:31	0,51%
ВМРО ДПМНЕ	00:02:54	2,86%
Граѓани	00:01:13	1,20%
	Вкупно за тема: 01:41:21	100%
	Вкупно: 03:41:20	

Од директните обраќања што произлегуваат од прилозите методолошки класифицирани само во некоја од трите категории посредно или непосредно поврзани со референдумот, на четири субјекти заедно им е отстапено повеќе од три четвртини од вкупното време за директни обраќања (50 минути и 32 секунди). Тоа се ВМРО ДПМНЕ, чиешто време (15 минути и 34 секунди) е речиси една третина од вкупното време на директните обраќања, Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија“ (9 минути и 5 секунди), странските политичари (7 минути и 7 секунди) и Влада на РМ со 6 минути и 50 секунди. Следуваат субјектите кодирани како „Други субјекти“ (2 минути и 55 секунди), Претседател на РМ (2 минути и 49 секунди), Државна изборна комисија (2 минути и 36 секунди) итн.

Информативна програма

Во вториот извештаен период, во рамки на информативната емисија „Актуелно“, низ неколку разговори, беа презентирани погледи и ставови на претставниците кои беа за тоа референдумот да успее и на претставниците на здруженијата коишто беа за бојкот на референдумот. Беше емитуван дел од пресконференцијата на министерот за надворешни работи, Никола Димитров, на којашто ги појаснува одредбите од Договорот од Преспа. Разговори беа емитувани со Игор Александров, претседател на Сојузот на македонските здруженија од дијаспората и со Сотир Костов од Сите за Унитарна Македонија, граѓански здруженија што се залагаа за бојкот на референдумот. Ставот на опцијата да се гласа „ЗА“ на референдумот, го бранеше министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски, со кого исто така беше емитувано интервју.

Првиот програмски сервис на Македонското радио во живо го пренесуваше и говорот на претседателот Ѓорге Иванов од говорницата на 73-то Генерално собрание на Обединетите нации.

Македонско радио – Програма на албански јазик (МР 3)

Дневно-информативни емисии

Од 19 до 27 септември 2018 година, во радиовесникот од 16 часот, информативната редакција на Македонското радио на албански јазик продуцираше вкупно 3 часа вести и извештаи за тековните случувања во различни сфери од општествено-политичкиот живот во Република Македонија, давајќи му цели два часа посебно информативно внимание на Референдумот - преку класични извештаи од кампањата што на терен, меѓу потенцијалните гласачи, ја спроведуваа политичките партнери во коалицијата „Заедно за европска Македонија“ (со вкупен информативен обем од 53 минути и 50 секунди), и преку прилози во кои директната, отворена агитација им отстапи место на дипломатските форми на повик за успешен Референдум што ги реализираа главно Владата и претставници на меѓународната заедница (со вкупен информативен обем од 1 час 13 минути и 33 секунди).

Третата информативна целина ја сочинуваат извештаи за настани од македонското секојдневие, тематски најчесто произлезени од тековни судски процеси, како и од оние што ги води Специјалното јавно обвинителство, потоа од активностите на министерствата за труд и социјална политика, за земјоделие, за транспорт и врски, и за здравство. Релативно видлива информативна улога имаа и прилози за соработка на локалната самоуправа со претставници на ЕУ фондовите за унапредување на институционална или на патна инфраструктура.

Табела 1: Структура на субјектите по теми	МР 3	
Тема	Траење	Процент
Референдум - ЗА		
Граѓански сектор	00:01:00	1,86%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:10:20	19,20%
ДПА - Демократска партија на Албанците	00:05:06	9,47%
Беса (Билал Касами)	00:04:54	9,10%
Алијанса на Албанците	00:06:18	11,70%
Беса (Африм Гаши)	00:04:47	8,89%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:07:09	13,28%
СДСМ	00:04:49	8,95%
НДП - Весел Мемеди	00:02:07	3,93%
Влада на РМ	00:06:07	11,36%
Други субјекти	00:01:13	2,26%
Вкупно за тема:	00:53:50	100%
Други прилози во врска со референдумот		
ВМРО ДПМНЕ	00:06:38	9,02%
ДИК и други органи	00:10:59	14,93%
Други субјекти	00:07:10	9,74%
Влада на РМ	00:16:00	21,75%

Јавно обвинителство	00:01:38	2,22%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:00:46	1,04%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:18:06	24,61%
Експерти/аналитичари	00:02:26	3,31%
Собрание на РМ	00:04:33	6,19%
Претседател на РМ	00:00:45	1,02%
Специјално обвинителство	00:00:26	0,59%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:01:21	1,84%
Граѓански сектор	00:02:07	2,88%
Судство	00:00:38	0,86%
	Вкупно за тема: 01:13:33	100%
Други теми (што не се поврзани со референдумот)		
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:07:01	13,35%
Влада на РМ	00:19:58	38,00%
Други субјекти	00:10:05	19,19%
Судство	00:03:23	6,44%
Локална самоуправа	00:03:22	6,41%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:01:34	2,98%
Специјално обвинителство	00:03:34	6,79%
Јавно обвинителство	00:00:55	1,74%
Алијанса на Албанците	00:01:48	3,43%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:00:53	1,68%
	Вкупно за тема: 00:52:33	100%
	Вкупно: 02:59:56	

Од вкупно 34 минути тонски цитати со кои во новинарските извештаи се обезбеди дополнителна автентичност на исказите на медиумските соговорници од различни сфери на општественото живеење, 9 минути и 31 секунда се отстапени за претставниците на Владата, 6 минути и 16 секунди за членови на ДУИ, и 3 минути и 53 секунди за претставници на меѓународната заедница.

ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА

Терестријални телевизии

ТВ Алсат – М

Дневно-информативни емисии

Во вториот деветдневен извештаен период од мониторингот на медиумското известување за референдумот во Вестите во 19 часот на ТВ Алсат – М, анализата опфати прилози со траење од 3 часа и 56 ипол минути, меѓу кои најчесто имаше извештаи, неколку интервјуа, пренесени изјави и соопштенија, вести.

Телевизијата пренесе ставови на повеќе различни политички субјекти (било преку нивните изјави искажани на настани било преку интервјуа).

Прилозите кои се однесуваат на опцијата „ЗА“ референдумот зафаќаат околу 16 минути, а за „БОЈКОТИРАМ“ – 3 минути и 20 секунди произлегуваат од обраќањето на претседателот на државата Ѓорге Иванов во Генералното собрание на ОН.

Најобемниот дел од прилозите се вброени во методолошката категорија „Други прилози во врска со референдумот“ (нешто повеќе од 1 час и 12 минути). Како субјект во прилозите најчесто се јавува Владата (19 ипол минути), а потоа странските политичари (речиси 14 минути). Емитувани се снимени интервјуа за Вестите со Дитмире Шеху, потпретседателката на ДИК и со специјалната јавна обвинителка Катица Јанева (овој разговор е емитуван интегрално и дадени се два извадока, од кои едниот се однесува на нејзиниот став дека ќе гласа на референдумот). Прикажан е и извадок од интервјуто со премиерот Зоран Заев дадено за емисијата „Патот кон...“.

Телевизијата во најголемиот дел од Вестите (2 часа и речиси 25 минути) информираше за други актуелни настани, особено на темите поврзани со судството.

Табела 1: Структура на субјектите по теми	ТВ Алсат-М	
Тема	Траење	Процент
Референдум - ЗА		
Собрание на РМ	00:03:33	21,98%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:04:50	29,93%
ВМРО НП - ВМРО Народна партија	00:01:46	10,94%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:00:41	4,23%
Беса (Биљал Касами)	00:00:41	4,23%
Беса (Африм Гаши)	00:00:41	4,23%
Алијанса на Албанците	00:00:41	4,23%
Влада на РМ	00:01:11	7,33%
Други субјекти	00:02:05	12,90%
Вкупно за тема:	00:16:09	100%
Референдум - БОЈКОТ		
Претседател на РМ	00:03:20	100%
Вкупно за тема:	00:03:20	100%
Други прилози во врска со референдумот		
Влада на РМ	00:19:31	26,96%
ВМРО ДПМНЕ	00:05:51	8,08%
СДСМ	00:02:50	3,91%
Специјално обвинителство	00:01:05	1,50%
ДИК и други органи	00:08:31	11,76%
Јавно обвинителство	00:01:02	1,43%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:13:50	19,11%
Претседател на РМ	00:00:51	1,17%
Собрание на РМ	00:02:22	3,27%

Граѓански сектор	00:03:55	5,41%
Други субјекти	00:02:41	3,71%
Експерти/аналитичари	00:02:35	3,57%
Коментар/осврт	00:02:25	3,34%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:01:07	1,54%
Левица	00:00:36	0,83%
Судство	00:03:12	4,42%
	Вкупно за тема: 01:12:24	100%
Други теми (што не се поврзани со референдумот)		
Влада на РМ	00:37:40	26,03%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:10:10	7,03%
Локална самоуправа	00:10:14	7,07%
Други субјекти	00:24:05	16,64%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:12:37	8,72%
Граѓански сектор	00:09:38	6,66%
Судство	00:11:09	7,70%
Собрание на РМ	00:01:58	1,36%
Јавно обвинителство	00:02:50	1,96%
Граѓани	00:09:27	6,53%
Експерти/аналитичари	00:03:31	2,43%
Специјално обвинителство	00:11:24	7,88%
	Вкупно за тема: 02:24:43	100%
	Вкупно: 03:56:36	

Можноста изворно да се емитуваат изјавите беше искористена во текот на 38 минути и 26 секунди од прилозите кои се однесуваат на референдумот. Од тоа, 8 минути и 35 секунди се изјави на претставници на Владата (вклучувајќи го и извадокот со интервјуто на премиерот Заев), 7 минути и 21 секунда се странски политичари, 4 минути и 35 секунди се изјави од ДИК, 2 минути и 43 секунди од ВМРО ДПМНЕ, 2 минути и 18 секунди за Собранието на РМ, 2 минути и 16 секунди за претседателот на државата, 2 минути и 6 секунди за повеќе други субјекти, 1 минута и 38 секунди за претставници на граѓанските здруженија, 1 минута и 32 секунди за експерти и аналитичари, 58 секунди за ДУИ, 47 секунди за ВМРО НП, 40 секунди за Беса на Биљал Касами, 36 секунди за Јавното обвинителство, по 35 секунди за Беса на Африм Гаши и за СДСМ, 28 секунди за специјалната јавна обвинителка Катица Јанева, 26 секунди за Алијансата на Албанците и 17 секунди за Левица.

Информативна програма

Во емисијата „360 степени“ референдумот беше обработен од аспект на неинформираноста на граѓаните за содржината на Договорот од Преспа. Во овој период имаше и уште две премиерни изданија на политичката сатира „Саботажа“.

Интервјуа

За референдумот се разговараше во интервјуата со премиерот Зоран Заев, министерката за труд и социјална политика Мила Царовска, британскиот министер за Европа и Америка Сер Алан Данкан и македонистот Виктор Фридман, реализирани во емисиите „360 степени“ и „Патот кон...“.

Дебати

На ТВ Алсат-М, меѓу 19 и 27 септември, во емисиите „200“ и „Патот кон...“ беа емитувани четири дебати во кои соговорниците ги спротивставуваа своите ставови за прашања поврзани со референдумот и Договорот од Преспа.

ТВ АЛФА

Дневно-информативни емисии

Од Вестите во 17:30 часот, емитувани на ТВ Алфа меѓу 19 и 27 септември 2018 година, предмет на анализа беа прилози со времетраење од 4 часа и 30 минути (Табела 1), од кои најголемиот дел беа жанровски вообличени како коментаторски извештаи, осврти/коментари/анализи, интервјуа, вести, пренесени изјави од прес-конференции и соопштенија.

ТВ Алфа и во вториот извештаен период се придржуваше до уредувачката одлука за јасно изразена критика кон референдумот и Владата.

Јасен став за одговор „ЗА“ на референдумското прашање имаше во прилози со траење од 9 ипол минути, за „БОЈКОТ“ – околу 13 минути од кои речиси половината беа изјави од претседателот на Република Македонија Ѓорѓе Иванов од САД (на средбите со дијаспората и од обраќањето на Генералното собрание на ОН).

Најголем дел од прилозите – безмалку 2 часа и 19 минути, се вброени во методолошката категорија „Други прилози во врска со референдумот“, од кои 44 ипол минути се осврти, коментари и анализи на референдумски теми. Тука спаѓаат коментарот во кој - ставот на поранешниот американски претседател Џорџ Буш се разгледува како интервенција од странство во врска со референдумот во контекст на одлуката на САД да ја признае Република Македонија под уставното име пред Референдумот за територијалната организација на државата од 2004 година; коментар за ден без странски државници кои изнесуваат ставови за референдумот; критика на изјавата на премиерот Зоран Заев од настан на Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија“ за тоа како судат судиите и кој им врши притисок; поставување на дилемата дали има раскол во СДСМ?; за предреферендумското зголемување на платите во образованието и здравството. Кон крајот на кампањата овој вид прилози зачестија, а се однесуваа на акцијата од Фондацијата СОС детско село Канада да се спонзорира дете од Северна Македонија; на изјавата на Зоран Заев во која преговорите за Договорот од Преспа ги објаснува со хазардерски речник; на најавата од претседателот на Парламентот Талат Џафери оти по референдумот ќе го испрати Законот за ратификација на Договорот во „Службен весник“ без потпис на претседателот Иванов; за тоа дека власта е сè погласна за игнорирање на цензусот; потоа што сè ќе се преименува со придавката „северна“ доколку референдумот биде успешен; дека со Преспанскиот договор ќе се прави ревизија на историјата и ќе се брише концептот на нацијата; за тоа дека Грците смеат ама Македонците не смеат да го користат терминот Македонија; дека прашањето за ЕУ е злоупотребено во кампањата; како и анализа за тоа на што се базираше кампањата „ЗА“ референдумот.

Табела 1: Структура на субјектите по теми	ТВ АЛФА	
Тема	Траење	Процент
Референдум - ЗА		
Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“	00:04:37	48,43%
Влада на РМ	00:02:45	28,85%
Граѓански сектор	00:00:28	4,90%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:01:07	11,71%
СДСМ	00:00:35	6,12%
Вкупно за тема:	00:09:32	100%
Референдум - БОЈКОТ		
Претседател на РМ	00:06:22	48,72%
Други субјекти	00:01:54	14,54%
Граѓани	00:01:54	14,54%
Граѓански сектор	00:01:56	14,80%
Кризен штаб „Македонија бојкотира“	00:00:58	7,40%
Вкупно за тема:	00:13:04	100%
Други прилози во врска со референдумот		
ДИК и други органи	00:07:43	5,56%
Влада на РМ	00:22:08	15,96%
Експерти/аналитичари	00:06:25	4,63%

Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:09:12	6,63%
Коментар/осврт	00:44:34	32,14%
Други субјекти	00:03:05	2,22%
ВМРО ДПМНЕ	00:35:49	25,83%
Кризен штаб „Македонија бојкотира“	00:00:58	0,70%
Граѓански сектор	00:02:36	1,87%
Судство	00:00:52	0,62%
Левица	00:00:52	0,62%
Граѓани	00:01:42	1,23%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:01:36	1,15%
ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија	00:01:09	0,83%
Вкупно за тема:	02:18:41	100%
Други теми (што не се поврзани со референдумот)		
Граѓански сектор	00:12:58	11,93%
Влада на РМ	00:26:31	24,39%
Експерти/аналитичари	00:02:42	2,48%
Специјално обвинителство	00:00:47	0,72%
Судство	00:05:10	4,75%
Други субјекти	00:17:24	16,00%
Локална самоуправа	00:12:13	11,24%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:04:51	4,46%
Граѓани	00:09:52	9,07%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:06:01	5,53%
Коментар/осврт	00:05:07	4,71%
ВМРО ДПМНЕ	00:03:28	3,19%
Собрание на РМ	00:00:31	0,48%
ДПА - Демократска партија на Албанците	00:00:15	0,23%
Претседател на РМ	00:00:54	0,83%
Вкупно за тема:	01:48:44	100%
	Вкупно: 04:30:01	

Во оваа методолошка категорија, следна по застапеност (со речиси 36 минути) е ВМРО ДПМНЕ – со изјави од прес-конференции и со две интервјуа - во живо со потпретседателот на ВМРО ДПМНЕ Владо Мисајловски, и снимено - со Кирил Пецаков, член на Извршниот комитет на ВМРО ДПМНЕ (по маршот на партијата во Охрид). Со позначајна минутажа – нешто над 22 минути, меѓу „Другите прилози за референдумот“ се појавува и Владата.

Методолошката категорија во која се кодираа прилозите на нереферендумски теми зафаќа околу 1 час и 49 минути од вестите.

Што се однесува до директните обраќања, тие траат вкупно 46 минути и 28 секунди. Најмногу време има за ВМРО ДПМНЕ - 18 минути и 34 секунди – од кои 8 минути и 43 секунди се должат на двете интервјуа со нејзините функционери. Втор субјект, со 11 минути помала застапеност се претставниците на Владата – чии изјави изворно биле пренесени во текот на 7 минути и 38 секунди. Следува претседателот Ѓорге Иванов (4 минути и 29 секунди), различни други субјекти (2 минути и 48 секунди), експерти и аналитичари (2 минути и 45 секунди), странски политичари (2 минути и 39 секунди), Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија“ (2 минути и 18 секунди), претставниците на граѓанските организации (1 минута и 38 секунди), Кризен штаб „Македонија бојкотира“ (1 минута и 14 секунди), ГРОМ (49 секунди), ДИК (42 секунди) и Левица и граѓаните, за чии изјави се издвоени по 27 секунди.

Информативна програма

Референдумот беше тема на седум информативни емисии емитувани на ТВ Алфа во вториот извештаен период. Станува збор за пет изданија на емисијата „Алфаскоп – Збор по збор“, контактна емисија во која гледачите се јавуваат и ги искажуваат своите ставови за прашања поставени од

Телевизијата, и за две изданија на „Седмица“, чиј автор Коле Чашуле прави избор од темите што ја одбележале поминатата седмица и ги коментира.

Интервјуа

Во две изданија на посебната информативна емисија „Отворено“ своите ставови за референдумот ги изнесоа и Душан Илиевски (познат како Душко млекарот) и хрватскиот пратеник Иван Бернар.

Дебати

Во вториот извештаен период емитувани се осум дебатни емисии „Отворено“ во кои ТВ Алфа обезбеди спротивставени ставови за прашањето на референдумот и Договорот од Преспа. Единствено во изданието од 26 септември, сите лица кои биле поканети да ја претставуваат позицијата „ЗА“ референдумот одбиле да гостуваат.

ТВ КАНАЛ 5

Дневно-информативни емисии

Во вториот извештаен период (од 19 до 27 септември) со мониторингот на медиумското претставување на ТВ Канал 5 за референдумот, опфатен е примерок од 9 изданија на централните вести во 18 часот од кои е анализирано вкупно време од 4 часа 11 минути и 29 секунди. Медиумот преку различни новинарски жанрови (извештај, вест, интервју, соопштение, осврт) на гледачите им пренесе информации за референдумската кампања, мислења од експерти и аналитичари за Преспанскиот договор, ставови на различни политички субјекти но и вести од редовните активности на локалната самоуправа, судството, граѓанскиот сектор итн.

За прилозите во кои се известуваше за јасни ставови/активности да се одговори „ЗА“ на референдумското прашање, беа издвоени 25 минути и 43 секунди. Тука спаѓаат активностите на терен на Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија“ (9 минути и 33 секунди), пренесените јасни пораки до македонските граѓани од странските амбасадори и политичари да се гласа ЗА на референдумот (5 минути и 58 секунди), како и прилози со поддршка на референдумот од страна на странски инвеститори и пратеници од првиот состав на Собранието на РМ кои влегуваат во методолошката категорија „Други субјекти“ (4 минути и 8 секунди).

За прилозите во кои се информираше за активностите на субјектите кои повикуваа на бојкот на референдумот, беа издвоени 9 минути и 47 секунди. Поголем дел од ова време беше одвоено за прилозите во кои се пренесуваа обраќањата на Претседателот на РМ, Ѓорге Иванов пред Генералното собрание на ОН и пред македонската дијаспора, во кои јасно го искажува својот став за бојкот (5 минути и 30 секунди). Беше информирано и за активностите на Кризниот штаб „Македонија бојкотира“ (2 минути и 23 секунди) и невладините организации СУМ и Млади за Македонија (1 минута и 9 секунди).

Како и во првиот извештаен период, најмногу време во вестите беше одвоено за прилозите кои влегуваат во методолошката категорија „Други прилози во врска со референдумот“ – 2 часа 7 минути и 22 секунди. Овде најзастапени се прилозите со ставови/активности на ВМРО ДПМНЕ (28 минути и 52 секунди), активности на Влада на РМ (23 минути и 20 секунди) и на странски политичари и амбасадори (27 минути и 58 секунди) кои во периодов што измина беа чести гости на македонскиот политички врв. На последниот ден пред референдумскиот молк, Канал 5 се обиде да направи една ретроспектива на настаните поврзани со Преспанскиот договор и референдумот и во низа емитуваше три осврти на следниве теми: „Единствена дилема: Кој резултат е доволно добар за успешен референдум?“, „Какви се пораки испратија странците за Македонија?“, „Голем број јавни личности се приклучија на референдумската кампања“.

За прилозите од „Други теми (што не се поврзани со референдумот) беа одвоени 1 час и 28 минути и 37 секунди. Во оваа методолошка категорија влегуваат редовните активности на Владата на РМ, општините, известувањето за актуелните судски предмети, прилози за здравството, црна хроника итн.

Табела 1: Структура на субјектите по теми	ТВ Канал 5	
Тема	Траење	Процент
Референдум - ЗА		
Влада на РМ	00:03:42	14,39%
Локална самоуправа	00:00:43	2,79%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:05:58	23,20%
Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“	00:09:33	37,14%
Други субјекти	00:04:08	16,07%
Експерти/аналитичари	00:01:39	6,42%
Вкупно за тема:	00:25:43	100%
Референдум - БОЈКОТ		
Претседател на РМ	00:05:30	56,22%
Кризен штаб „Македонија бојкотира“	00:02:23	24,36%
Други субјекти	00:00:45	7,67%
Граѓански сектор	00:01:09	11,75%
Вкупно за тема:	00:09:47	100%
Други прилози во врска со референдумот		
ВМРО ДПМНЕ	00:28:52	22,66%
СДСМ	00:05:58	4,68%
Судство	00:00:54	0,71%
Граѓански сектор	00:04:15	3,34%
Левица	00:00:54	0,71%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:27:58	21,96%
Влада на РМ	00:23:20	18,32%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:01:20	1,05%
Други субјекти	00:10:04	7,90%
ДИК и други органи	00:04:24	3,45%
Експерти/аналитичари	00:03:47	2,97%
Јавно обвинителство	00:02:14	1,75%
Собрание на РМ	00:02:05	1,64%
Локална самоуправа	00:00:37	0,48%
ЛДП - Либерално-демократска партија	00:00:13	0,17%
Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“	00:00:08	0,10%
Кризен штаб „Македонија бојкотира“	00:01:03	0,82%
ППД - Политичка партија Достоинство	00:00:52	0,68%
Коментар/осврт	00:08:24	6,60%
Вкупно за тема:	02:07:22	100%
Други теми (што не се поврзани со референдумот)		
Локална самоуправа	00:07:39	8,63%
Претседател на РМ	00:01:06	1,24%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:01:12	1,35%
Без субјекти	00:03:19	3,74%
Влада на РМ	00:31:18	35,32%
Други субјекти	00:15:30	17,49%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:08:30	9,59%
Судство	00:07:33	8,52%
Јавно обвинителство	00:01:32	1,73%
Граѓански сектор	00:08:35	9,69%
Специјално обвинителство	00:00:18	0,34%
Експерти/аналитичари	00:01:24	1,58%
ВМРО ДПМНЕ	00:00:41	0,77%
Вкупно за тема:	01:28:37	100%
	Вкупно: 04:11:29	

Во централното издание на вестите на Канал 5 телевизија, во периодот од 19 до 27 септември беа одвоени 1 час, 9 минути и 15 секунди за директни обраќања на субјектите. Значајна минутажа преку која гледачите можеа изворно да ги чујат нивните ставови, беше одвоена за странските амбасадори и политичари (17 минути и 4 секунди), претставниците на ВМРО ДПМНЕ (16 минути и 40 секунди) и Владата на РМ (12 минути и 41 секунда). Од времето одвоено за ВМРО ДПМНЕ и Владата на РМ, речиси половина отпаѓа на двете интервјуа емитувани во вестите, со претседателот на ВМРО ДПМНЕ – Христијан Мицковски и со министерот за култура – Асаф Адеми.

Дебати

Во периодот од 19 до 27 септември, на ТВ Канал 5 се емитуваа седум изданија на емисијата „Само вистина". Во редовниот термин во 18 часот и 45 минути секое издание во овој извештаен период беше реализирано како дебата помеѓу двајца гости кои имаа различни ставови околу Преспанскиот договор и референдумот. Водителките Елизабета Галевска и Мирјана Трпчевска дебатираа со разни претставници на политички партии, професори по право, експерти и аналитичари на теми: „(Не)Уставна одлука на Уставниот суд?", „Референдум 2018 – Да се биде или не!", „30-ти септември – ДЕН Д за одлука!" итн.

Други програми

ТВ Канал 5 во својата редовна утринска програма „Здраво Македонијо" која се емитува секој работен ден, продолжи да поставува теми за дебата поврзани со референдумот во контактниот дел од емисијата во која се вклучуваат гледачи. Така во периодот од 19 до 27 септември гледачите го искажаа своето мислење за следните теми: „Хан: Јас сакам да ви се обраќам со Северна Македонија", „Уставниот суд ја отфрли иницијативата за оспорување на одлуката за референдум", „Косијас: Мнозинство за ратификација на договорот од Преспа постои во грчкиот парламент" итн.

Карактеристично за изданијата емитувани во овој период на „Здраво Македонијо" е тоа што во три наврати во студиото гостуваа министри од Владата на РМ. Така на 20 септември во студиото гостуваше министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска, на 24 септември министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски и на 25 септември министерот за транспорт и врски, Горан Сугаревски. Теми на разговор на овие интервјуа беа редовните активности во ресорите со кои што раководат како и различни прашања од гледачите кон министрите. Репризи на „Здраво Македонијо" се емитуваат следниот ден во 4 часот по полноќ.

ТВ СИТЕЛ

Дневно-информативни емисии

Според уредувачкиот распоред во главниот ТВ Дневник, емитуван од 19 часот во периодот од 19 до 27 септември 2018 година, тековните – најопшто речено - социјални и економски настани и долгорочно отворени прашања од македонското секојдневие (*најчесто поврзани со надлежностите и со работата на Министерството за труд и социјална политика, со локалните самоуправи и со Градот Скопје*), беа третирани со еднаков информативен приоритет (*вести/во низа и извештаи*) како и темите и настаните стриктно поврзани со Референдумот, посебно ако се има предвид дека вториве значително се намалија откако мина, и низ новинарските известувања - се рутинизираше првиот дипломатски бран ангажмани околу промовирање потенцијални евро-атлантски придобивки по очекувањата за исходот од сенародното гласање на 30 септември.

Преведено статистички, според методолошката номенклатура - „*Темите што не се поврзани со изборите*" заземаа близу 2 ипол часа, а „*Другите теми поврзани со референдумот*" – заземаа 1 час и 40 минути од вкупно емитуваните 4 часа и 31 минута за деветте дена од анализираниот ТВ Дневник. За новинарскиот информативен пристап насочен кон отсликување плуралитет политички формулирани ставови, сведочат и поединечните статистики за времињата со кои беше сопоставувачки проследен, од една страна – координираниот референдумски ангажман на Владата (34 минути и 22 секунди) и на меѓународната заедница (14 минути и 25 секунди), а од друга страна – ставот и коментарите (*репликите преку прес-конференции, изјави и соопштенија*) на опозициската ВМРО ДПМНЕ (30 минути и 21 секунда),

често јавно прозивана и поради внатрепартиското разногласие во приодот кон можните уставни последици од т.н. Преспански договор.

И во овој деветдневен период од мониторингот, очекувано мала – бидејќи сразмерна со малиот формален кампањски ангажман - беше информативната минутажа отстапена за партиските и други облици агитација во прилог на Референдумот (9 минути и 25 секунди), како и за политичките и за граѓанските облици „бојкот“ на Референдумот (12 минути и 18 секунди), меѓу кои, на пример, под ставката „*други субјекти*“, беа прибележани и минутажи за ставовите на свештеници од Македонската православна црква, како и вестите во низа за расправата на Уставниот суд по повод противреферендумската иницијатива на Левица и на Светскиот македонски конгрес.

Табела 1: Структура на субјектите по теми	ТВ Сител	
Тема	**Траење**	**Процент**
Референдум - ЗА		
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:01:47	18,94%
Влада на РМ	00:05:43	60,71%
Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“	00:00:55	9,73%
СДСМ	00:01:00	10,62%
Вкупно за тема:	00:09:25	100%
Референдум - БОЈКОТ		
Претседател на РМ	00:06:01	48,92%
Кризен штаб „Македонија бојкотира“	00:03:34	29,00%
Други субјекти	00:01:53	15,31%
ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија	00:00:50	6,78%
Вкупно за тема:	00:12:18	100%
Други прилози во врска со референдумот		
Судство	00:01:12	1,20%
Левица	00:01:12	1,20%
Граѓански сектор	00:01:12	1,20%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:14:25	14,38%
Влада на РМ	00:34:22	34,27%
ВМРО ДПМНЕ	00:30:21	30,26%
Експерти/аналитичари	00:01:37	1,61%
Граѓани	00:01:37	1,61%
ДИК и други органи	00:02:34	2,56%
Други субјекти	00:06:22	6,35%
СДСМ	00:03:24	3,39%
Јавно обвинителство	00:00:46	0,76%
Без субјекти	00:00:07	0,12%
Собрание на РМ	00:01:06	1,10%
Вкупно за тема:	01:40:17	100%
Други теми (што не се поврзани со референдумот)		
Влада на РМ	00:45:22	30,39%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:21:42	14,54%
Други субјекти	00:24:19	16,29%
Експерти/аналитичари	00:00:56	0,63%
Граѓански сектор	00:03:55	2,62%
Локална самоуправа	00:22:31	15,08%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:07:57	5,33%
Без субјекти	00:07:43	5,17%
Судство	00:10:25	6,98%
ВМРО ДПМНЕ	00:02:21	1,57%

ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија	00:01:08	0,76%
Јавно обвинителство	00:00:58	0,65%
	Вкупно за тема: 02:29:17	100%
	Вкупно: 04:31:17	

На 26 и на 27 септември, во централниот ТВ Дневник, емитувани се - осумнаесетминутно интервју со премиерот Заев (со битна тематска забелешка дека за време на теренската агитација на Коалицијата „Заедно за европска Македонија“ беше контекстуализиран и во улога на лидер на владејачката СДСМ), и шеснаесетминутно интервју со Христијан Мицкоски, претседателот на ВМРО ДПМНЕ, обете интервјуа со намера, непосредно од врхушката на двете сопоставени политички опции, да се прикажат ставовите во однос на различни аспекти што произлегуваат од т.н. Преспански договор, како и нивни лични и партиски проценки за (не)успешноста на Референдумот. Во поттекстот од овој (долгогодишен) биполарен медиумски третман на македонската политичка сцена, може да се чита и смислата на статистиката за информативното време илустрирано со т.н. „*директни обраќања*“, односно – тонски цитати од искажаното околу Референдумот: - 29 минути и 51 секунда се отстапени за јавни обраќања на претставници на Владата, а - 20 минути и 45 секунди за искази на ВМРО ДПМНЕ, додека, пак, со релативно впечатлива минутажа се јавуваат и претседателот Иванов - 3 минути, и претставници на меѓународната заедница – 4 минути и 49 секунди.

Информативна програма

„На дневен ред“, посебната дваесетминутна рубрика во утринскиот програмски појас насловен „Ја сакам Македонија“, реализирана како отворено студио, во периодот од 19 до 27 септември беше место за анонимна граѓанска дебата на различни теми, од кои поврзани со Референдумот беа – поделеноста на членството, на пратеници и на раководството на опозициската ВМРО ДПМНЕ по тоа прашање; коментари за изјавата на Оливер Спасовски, министерот за внатрешни работи, дека Министерството гарантира беспрекорно спроведување на гласањето, потоа бројноста на најавените домашни и странски набљудувачи на референдумскиот процес, како и контроверзиите околу јавниот став на претседателот Иванов за бојкот на Референдумот.

ТВ ТЕЛМА

Дневно-информативни емисии

Во две, рамноправни по уредувачка важност информативни целини, секоја со времетраење од по еден час и четириесеттина минути, беше поделено вкупното време од 3 часа и 39 минути вести, извештаи и куси облици интервју, емитувани во ТВ Дневникот од 18 часот и 30 минути за периодот од 19 до 27 септември 2018 година. Кусо информативно време од 12 минути ТВ Телма произведе од извештаи било за формално организираните облици референдумска кампања било од експлицитно квалификуваните јавни обраќања на домашни и на странски политички институции во врска со Референдумот за т.н. Преспански договор.

Во првата од двете гореспоменати доминантни минутажи, збирна за настаните и за случувањата методолошки опфатени под наслов – „Други теми поврзани со Референдумот“, најголем дел прилози произлезе од проследувањето на заедничкиот референдумски ангажман на Владата (30 минути) и на претставници од меѓународната заедница (25 минути), но, бидејќи во овој период Димитров, министерот за надворешни работи, одржа и прес-конференција на која за првпат јавно беа изнесени евентуалните уставни промени консеквентни на Преспанскиот договор, во оваа насока се интензивираа и забелешките на опозициската ВМРО ДПМНЕ (проследени со прилози во времетраење од 18 минути и 38 секунди). Во овој тематски контекст (со информативна минутажа од 12 минути за т.н. „други субјекти“) беа проследени и пошироките општествени реакции, пред сè на македонскиот економски (приватен - стопански и банкарски) сектор, но и на психолози, на социолози, на филолози и на историчари што се обидуваа од свој аспект да го интерпретираат билатералниот политички пристап кон текстот од Преспанската спогодба, како и стручни реакции за дипломатските, организациски грешки на домашниот државен протокол.

Второто, пак, поголемо множество информативни прилози, бележени под наслов – „Други теми што не се поврзани со Референдумот“, ги опфати вестите/во низа и (екстензивните) извештаи, во кои се инсертирани експертски и институциски ставови со социјално-здравствена заднина, во прв ред за бизарниот случај на труење со амонијак во колективна станбена зграда од скопската населба Аеродром, но и други прилози што ја прикажуваат општата (дис)функционалност на соодветниот општествен сектор, а посебно медиумско внимание, во информативен континуитет добија и тековниот судски процес за т.н. „Крвав собраниски четврток“ и процесите што ги води Специјалното јавно обвинителство.

Табела 1: Структура на субјектите по теми	ТВ Телма	
Тема	**Траење**	**Процент**
Референдум - ЗА		
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:02:36	40,94%
Влада на РМ	00:03:45	59,06%
	Вкупно за тема: 00:06:21	100%
Референдум - БОЈКОТ		
Претседател на РМ	00:04:59	86,92%
Кризен штаб „Македонија бојкотира“	00:00:45	13,08%
	Вкупно за тема: 00:05:44	100%
Други прилози во врска со референдумот		
Влада на РМ	00:30:18	28,71%
ВМРО ДПМНЕ	00:18:38	17,66%
Јавно обвинителство	00:00:39	0,62%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:24:42	23,40%
Други субјекти	00:12:07	11,48%
ДИК и други органи	00:05:01	4,75%
Коментар/осврт	00:01:30	1,42%
Експерти/аналитичари	00:02:29	2,35%
Собрание на РМ	00:02:27	2,32%
Граѓански сектор	00:03:37	3,43%
Судство	00:00:41	0,65%
Левица	00:00:41	0,65%
Кризен штаб „Македонија бојкотира“	00:00:41	0,65%
СДСМ	00:00:59	0,93%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:01:02	0,98%
	Вкупно за тема: 01:45:32	100%
Други теми (што не се поврзани со референдумот)		
Судство	00:22:24	22,10%
Јавно обвинителство	00:04:31	4,46%
Други субјекти	00:11:17	11,13%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:15:54	15,69%
Влада на РМ	00:20:21	20,08%
Граѓани	00:05:09	5,08%
Претседател на РМ	00:00:21	0,35%
Локална самоуправа	00:08:10	8,06%
Граѓански сектор	00:06:16	6,18%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:04:29	4,42%
Специјално обвинителство	00:01:14	1,22%
ВМРО ДПМНЕ	00:00:39	0,64%
Експерти/аналитичари	00:00:37	0,61%
	Вкупно за тема: 01:41:22	100%
	Вкупно: 03:38:59	

Оригиналните тонски цитати со кои беа илустрирани новинарските прилози структурно прикажани во табелите тематски поврзани со Референдумот, опфатија вкупно 48 минути и 31 секунда, а со овој приод најчесто беа обработени настаните организирани од Владата – 15 минути и 46 секунди, на претставниците на меѓународната заедница – 11 минути и 20 секунди, како и на опозициската ВМРО ДПМНЕ - 7 минути и 48 секунди.

Дебати

Референдумските дебати беа организирани во актуелно-информативните емисии „Топ тема“ и „Вин Вин“, со широк опфат, стручни правно-политиколошки коментатори, како и претставници на Владата и на политички партии од власта и од опозицијата, но и поранешни пратеници и уставни судии со изминат мандат. Главните дебатни теми беа: Одлуката на Уставниот суд да ја отфрли иницијативата за неуставност на Референдумот, поднесена од партијата Левица и од Светскиот македонски конгрес (при што мотивите беа прикажани преку кусо интервју со Апасиев, најекспонираниот претставник на Левица); потоа - придобивките од членството во ЕУ, за кои дебатираа дипломати од Хрватска, Словенија и од Македонија, а централната дебата, и продукциски и по изборот на учесниците, за овој предреферендумски период беше организирана во импровизиран амфитеатар, како соочување меѓу избран аудиториум и премиерот Заев, вицепремиерот Османи и министерката за одбрана Шеќеринска, најангажираните владини претставници во прореферендумската кампања. Текстот на т.н. „Преспански договор“ и консеквенците по македонскиот Устав, беа основен предмет на дебатата меѓу Димитров, министерот за надворешни работи, и Николоски, потпретседателот на ВМРО ДПМНЕ, како и меѓу некогашниот премиер Владо Бучковски и Имер Селмани, поранешен вицепремиер на Република Македонија.

Интервјуа

Две едночасовни интервјуа - со Никола Тодоров, член на некогашното раководство на опозициската ВМРО ДПМНЕ, и со Христијан Мицкоски, сегашниот претседател на Партијата, беа направени во рамките на „Топ тема“, а обајцата ги разјаснуваа колективните партиски и своите индивидуални ставови во врска со Референдумот, при што, како нова практика, беа вметнати прашања од публиката, пристигнати преку Фејсбук.

Сателитски телевизии

ТВ 24 Вести

Дневно-информативни емисии

Вкупното времетраење на анализираните прилози во вториот деветдневен извештаен период е 5 часа 55 минути и 40 секунди. Со мониторингот се опфатени вестите емитувани во 17.00 часот. Жанровски доминираат извештаите, а се емитувани и вести, изјави, разговори (интервјуа), соопштенија.

Во деветте изданија на вестите, за прилозите во кои се известува за ставови/активности со одредница да се одговори „ЗА“ на референдумското прашање се одвоени 7 минути и 23 секунди. Во споредба со првиот извештаен период, кога за активностите на субјектите коишто го застапуваат ставот „Бојкотирам“ во вестите беа одвоени само 21 секунда, во вториот извештаен период се емитувани прилози во времетраење од 7 минути и 3 секунди. Медиумот извести за активностите на неколку граѓански здруженија (Сите за Унитарна Македонија, Преродба, Светски македонски конгрес), коишто го застапуваа ставот за бојкот на референдумот. Исто така, ТВ 24 Вести информираше и за обраќањето на претседателот Ѓорге Иванов пред македонските иселеници во САД, од каде порача дека ќе го бојкотира референдумот. Временски, меѓу категориите во вестите кои се непосредно или посредно поврзани со референдумот и Договорот од Преспа, најзастапена е „Други теми во врска со референдумот“ со времетраење од 2 часа 16 минути и 47 секунди. На субјектот „Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари“ отпаѓа една четвртина од вкупното време на оваа категорија, поради информациите за средбите на владините претставници со странски дипломати, пораките што стигнуваа од странски политичари во врска со референдумот, а во вестите беше емитувано и интервју со канадската амбасадорка во Белград, задолжена и за Македонија, во врска со канадскиот став околу референдумот во нашата земја, како и дел од интервју со француска европратеничка. Половина од времето во оваа категорија беше одвоено за „Други субјекти“, а се должи на интервјуто што ТВ 24 Вести го реализираше со грчки универзитетски професор во врска со Договорот од Преспа. Ставовите на опозициската партија ВМРО ДПМНЕ поврзани со референдумот и Договорот од Преспа беа претставени во прилози со вкупно времетраење од 13 минути и 34 секунди (информации од прес-конференции, средби, протестни маршеви).

„Другите теми што не се поврзани со референдумот“ временски беа најзастапени во вестите на ТВ 24 Вести, со вкупно времетраење од 3 часа 24 минути и 27 секунди. Медиумот известуваше за голем број економски, социјални теми, па оттаму големата застапеност на „Други субјекти“, потоа за редовните активности на Владата (неповрзани со референдумот), но известуваше и за големиот број судски случаи, во кои им се суди на поранешни високи функционери.

Табела 1: Структура на субјектите по теми	ТВ 24 Вести	
Тема	Траење	Процент
Референдум - ЗА		
Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“	00:01:51	25,06%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:01:43	23,25%
Други субјекти	00:03:00	40,63%
ППД - Политичка партија Достоинство	00:00:49	11,06%
Вкупно за тема:	00:07:23	100%
Референдум - БОЈКОТ		
Претседател на РМ	00:03:24	48,23%
Граѓански сектор	00:03:39	51,77%
Вкупно за тема:	00:07:03	100%
Други прилози во врска со референдумот		
ВМРО ДПМНЕ	00:13:34	9,92%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:33:33	24,53%
Собрание на РМ	00:03:51	2,81%
Експерти/аналитичари	00:11:04	8,09%
Влада на РМ	00:20:42	15,13%

Судство	00:01:33	1,13%
Левица	00:01:33	1,13%
Граѓански сектор	00:04:42	3,44%
Други субјекти	00:22:57	16,78%
ДИК и други органи	00:04:23	3,20%
Јавно обвинителство	00:02:12	1,61%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:00:50	0,61%
Претседател на РМ	00:00:50	0,61%
СДСМ	00:01:09	0,84%
Граѓани	00:01:04	0,78%
Коментар/осврт	00:10:28	7,65%
Без субјекти	00:02:22	1,73%
	Вкупно за тема: 02:16:47	100%
Други теми (што не се поврзани со референдумот)		
Експерти/аналитичари	00:16:31	8,08%
Влада на РМ	00:34:58	17,10%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:14:58	7,32%
Претседател на РМ	00:01:19	0,64%
Левица	00:00:54	0,44%
Судство	00:24:32	12,00%
Други субјекти	01:01:41	30,17%
Локална самоуправа	00:07:57	3,89%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:12:20	6,03%
Јавно обвинителство	00:07:58	3,90%
Граѓани	00:07:41	3,76%
Граѓански сектор	00:13:38	6,67%
	Вкупно за тема: 03:24:27	100%
	Вкупно: 05:55:40	

Во вкупното време одвоено за директни обраќања во прилозите што се поврзани со референдумот во анализираните изданија на ТВ 24 Вести (59 минути), доминираат субјектите Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари (18 минути и 49 секунди) и Други субјекти поради реализираните интервјуа со канадската амбасадорка и универзитетскиот професор од Грција. Следуваат Влада на РМ (7 минути и 21 секунда), ВМРО ДПМНЕ и експерти/аналитичари со по 5 минути, претставниците на граѓанскиот сектор (2 минути и 39 секунди) и др.

Дебати

Во вториот извештаен период, премиерно се емитувани вкупно 6 дебатни емисии, во рамки на емисиите „24 Анализа“ и „Отворено студио“. Сите дебатни емисии беа репризирани, а во периодот од 19 до 27 септември, беа репризирани и дел од дебатните соочувања емитувани во првиот извештаен период, од 10 до 18 септември. И во овој извештаен период дебатите беа отворени за презентација на различни погледи и ставови во врска со референдумот и Договорот од Преспа. Дел од дебатните емисии беа реализирани само со експерти, аналитичари, коишто даваа свои видувања на состојбите.

Три дебатни разговори, со експерти/аналитичари или со претставници на граѓанскиот сектор, беа емитувани и во рамки на емисијата „Мој термин“.

Интервјуа

Во периодот од 19 до 27 септември, во врска со референдумот и Спогодбата од Преспа потпишана со Република Грција беа емитувани неколку интервјуа, дел дадени за ТВ 24 Вести, а дел за други медиуми. Во рамки на емисијата „24 Анализа“ беше емитувано интервју со претседателот на ДУИ, Али Ахмети. Раговорот со Ахмети беше 2 пати репризиран. Во рамки на вестите на Глас на Америка – програма на македонски јазик, што ТВ 24 Вести ги емитува на својата програма, беше емитувано интервју со премиерот

Зоран Заев, по средбата со американскиот потпретседател. Разговорот се репризираше два пати. Во емисијата „Неделно интервју“ на Радио Слободна Европа, што ја пренесува телевизијата, беше емитуван разговор со поранешниот премиер, Љупчо Георгиевски. Во рамки на две изданија на емисијата „Фактор 24“ се емитуваа разговори со: Бојан Маричиќ, советник за евроинтеграции во кабинетот на премиерот, Блерим Река, поранешен амбасадор, Марија Капон, поранешна бугарска европратеничка, Андреј Божиновски, магистер по правни науки.

Информативна програма

Во вториот извештаен период, во најголем дел од изданијата на информативно-контактните емисии „Во тек“ и „Очи в очи“, што се емитуваат секој работен ден, темите или една од темите беа поврзани со референдумот и Спогодбата од Преспа. Медиумот преку јавувања на гледачи во живо, непосредно ги пренесуваше различните размислувања на граѓаните поврзани со овие прашања. Дел од овие информативно-контактни емисии беа репризирани.

ТВ Сонце

Дневно-информативни емисии

Резултатите од мониторингот на медиумското претставување за референдумот на ТВ Сонце, во вториот извештаен период (од 19 до 27 септември) произлегуваат од примерок од девет изданија на централните Вести во 18 часот. Со анализата беа опфатени вкупно 2 часа 36 минути и 11 секунди од оваа дневно-информативна емисија, при што најзастапен беше жанрот вести.

За прилозите во кои се известува за ставови/активности со јасна одредница да се одговори „ЗА“ на референдумското прашање беа издвоени 5 минути и 21 секунда. Тоа беше прилогот во кој, поранешните пратеници од првиот парламентарен состав повикаа да се гласа ЗА на Референдумот, како и сличниот повик на претседателот на Франција, Емануел Макрон и изјавите на претставници од Владата на Република Македонија.

Ставот „Бојкотирам“ се појави во текот на 18 минути и 57 секунди (во прилози за активностите на Светски Македонски Конгрес, на Македонска Алијанса, во изјави на претставници од граѓанскиот сектор (Независен синдикат на градежни работници, инженери и трговци во градежништвото), како и изјавата на Претседателот на РМ, Ѓорѓе Иванов, во која повика на бојкот на Референдумот).

Најголемиот дел од прилозите влегуваат во категоријата „Други прилози во врска со референдумот“ – 1 час 7 минути и 39 секунди. Овде беа најзастапени извештаите од активностите на Владата на РМ (30.20%), како и на Македонска алијанса (23.01%). Во оваа категорија се вметнати и прилозите за неутралниот став на ВМРО ДПМНЕ: секој граѓанин да постапи по сопствено убедување.

Во Другите прилози кои не беа поврзани со референдумот (1 час 4 минути и 14 секунди), доминираа информации за теми од секојдневниот живот и актуелни судски постапки. (Табела 1).

Табела 1: Структура на субјектите по теми	ТВ Сонце	
Тема	Траење	Процент
Референдум - ЗА		
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:00:56	17,45%
Влада на РМ	00:01:11	22,12%
Други субјекти	00:03:14	60,44%
	Вкупно за тема: 00:05:21	100%
Референдум - БОЈКОТ		
Граѓански сектор	00:03:32	18,65%
Левица	00:00:42	3,69%
Претседател на РМ	00:06:31	34,39%
Македонска алијанса	00:08:12	43,27%
	Вкупно за тема: 00:18:57	100%

Други прилози во врска со референдумот		
Влада на РМ	00:20:26	30,20%
Јавно обвинителство	00:03:00	4,43%
Македонска алијанса	00:15:34	23,01%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:08:10	12,07%
ДИК и други органи	00:07:04	10,45%
Собрание на РМ	00:02:09	3,18%
Други субјекти	00:03:44	5,52%
Експерти/аналитичари	00:01:44	2,56%
ВМРО ДПМНЕ	00:03:30	5,17%
Судство	00:02:18	3,40%
	Вкупно за тема: 01:07:39	100%
Други теми (што не се поврзани со референдумот)		
Судство	00:09:14	14,37%
Влада на РМ	00:21:39	33,71%
Локална самоуправа	00:06:12	9,65%
ВМРО ДПМНЕ	00:01:06	1,71%
Претседател на РМ	00:02:42	4,20%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:06:26	10,02%
Други субјекти	00:09:16	14,43%
Граѓани	00:02:24	3,74%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:01:35	2,46%
Јавно обвинителство	00:03:40	5,71%
	Вкупно за тема: 01:04:14	100%
	Вкупно: 02:36:11	

Во вторите 9 дена од кампањата, на ТВ Сонце немаше многу директни обраќања (нешто повеќе од 26 минути). Доминираа директните обраќања на Владата на Република Македонија (45.77%), на Претседателот на РМ (14.96%), како и на граѓанскиот сектор (10.44%) По неколку минути беа издвоени и за изјавите на претставниците на ВМРО ДПМНЕ и на странските политичари кои ја посетија Македонија.

Информативна програма

Во извештајниот период секојдневно беше емитувана емисијата „Јади бурек“, а секој нареден ден таа имаше и по две репризни изданија.

Беа емитувани и 9 изданија на емисијата „Македонија мајка на светот“, како и 7 изданија на емисијата „Дијалози за Македонија“. Во сите емисии темата беше актуелниот миг во Република Македонија.

НАША ТВ

Во вториот извештаен период (од 19 до 27 септември) на ТВ НАША воопшто не беа емитувани дневно-информативни емисии, ниту дебатни емисии, интервјуа или информативна програма поврзана со Референдумот.

Кабелски телевизии

1 ТВ

Дневно-информативни емисии

Во вториот извештаен период - од 19 до 27 септември 2018 година, анализирани се вкупно девет изданија на Вестите на 1ТВ во 20 часот, односно прилози со траење од четири часа (Табела 1). Меѓу нив жанровски преовладуваат извештаите, пренесени изјави и соопштенија, има интервјуа, вести, а освртите се ретки и се однесуваат на текот на кампањата за референдумот (со повеќе спротивставени ставови), за позиционирањето на пратеници од ВМРО ДПМНЕ во поглед на гласањето за уставни измени и сл.

1 ТВ продолжи со позитивното врамување на референдумот ставајќи акцент на настани и ставови „ЗА“.

Нешто повеќе од една осмина од времето (околу 36 минути) се прилози за претставници и активности на опцијата „ЗА“ референдумот, меѓу кои најзастапени се странските политичари (15 минути) и тоа актуелни носители на функции од странски држави или организации (некои од нив со обраќање до македонските граѓани преку видео пораки) како и интервјуа на Телевизијата со актуелни европратеници или поранешни високи функционери во меѓународни организации. За ставот за „БОЈКОТ“ на референдумот се известуваше во текот на 7 минути.

Најобемна е методолошката категорија „Други прилози во врска со референдумот“ која зафаќа повеќе од половина од Вестите, односно безмалку 2 часа и 5 минути. Во неа, прва по застапеност е Владата со 26 ипол минути во кои, покрај другите активности, влегува и времето за извештаите и вестите преку кои Телевизијата, неколку последователни дена во низа ја потсетуваше публиката дека на 28 септември делегација на Македонија ќе биде во Брисел за почеток на скрининг процесот за пристапување кон ЕУ. Во прилозите на референдумски теми со позначајна застапеност се јавуваат и различни други субјекти (22 ипол минути), ВМРО ДПМНЕ (17 минути), странски политичари (безмалку 17 минути, во кои се вбројуваат и неколку прилози за позитивни ставови од претставници на грчките партии во врска со Договорот од Преспа), а во овој период има и повеќе информации од ДИК (околу 12 минути).

За сите други актуелни настани се известуваше во преостанатите околу 1 час и 12 минути од дневно-информативната емисија.

Табела 1: Структура на субјектите по теми	1 ТВ	
Тема	Траење	Процент
Референдум - ЗА		
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:15:01	41,35%
СДСМ	00:01:31	4,18%
Влада на РМ	00:06:13	17,12%
ВМРО НП - ВМРО Народна партија	00:02:26	6,70%
Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“	00:02:19	6,38%
Собрание на РМ	00:00:46	2,11%
Други субјекти	00:08:03	22,17%
Вкупно за тема:	00:36:19	100%
Референдум - БОЈКОТ		
Претседател на РМ	00:06:30	90,91%
Други субјекти	00:00:39	9,09%
Вкупно за тема:	00:07:09	100%
Други прилози во врска со референдумот		
Влада на РМ	00:26:35	21,30%
ВМРО ДПМНЕ	00:17:01	13,63%
Други субјекти	00:22:38	18,13%
ДИК и други органи	00:11:57	9,57%

Собрание на РМ	00:02:48	2,24%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:16:55	13,55%
Граѓански сектор	00:06:05	4,87%
Претседател на РМ	00:00:44	0,59%
СДСМ	00:01:37	1,30%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:03:27	2,76%
Јавно обвинителство	00:03:07	2,50%
Судство	00:00:47	0,63%
Левица	00:03:08	2,51%
Коментар/осврт	00:05:40	4,54%
Експерти/аналитичари	00:02:21	1,88%
	Вкупно за тема: 02:04:50	100%
Други теми (што не се поврзани со референдумот)		
Претседател на РМ	00:02:10	3,02%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:01:40	2,32%
Јавно обвинителство	00:08:42	12,11%
Други субјекти	00:24:57	34,73%
Специјално обвинителство	00:02:05	2,90%
Судство	00:15:49	22,02%
Влада на РМ	00:12:55	17,98%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:01:13	1,69%
Граѓански сектор	00:01:20	1,86%
ВМРО ДПМНЕ	00:00:59	1,37%
	Вкупно за тема: 01:11:50	100%
	Вкупно: 04:00:08	

Во Вестите беа емитувани извадоци од интервјуата на тема референдум реализирани во „Отворено студио 1“ со: Александар Николовски од ВМРО ДПМНЕ; претседателот на српската ЛДП Чедомир Јовановиќ; европратеникот Ханс ван Бале; поранешниот генерален секретар на НАТО Џорџ Робертсон, портпаролката на ДИК Љупка Гугучевска; директорот на ДБК Горан Николовски; уредничката на „Независен“ Слободанка Јовановска; актерката Милица Стојановска; велешанецот Ване Михајловски (кој со велосипед стигна до Брисел за европска Македонија); канадската амбасадорка за Македонија Кетлин Чаба. Емитуван беше и извадок од дебатата меѓу аналитичарката Катерина Колозова и Димитар Апасиев од Левица.

Овие прилози, заедно со изјавите од прес-конференции или од други настани, резултираат со 1 час 20 минути и 9 секунди директни обраќања, од кои најмногу за странските политичари (17 минути и 46 секунди) и за личности кои методолошки се вбројуваат во категоријата „Други субјекти“ (17 минути и 13 секунди), потоа владините претставници (12 минути и 37 секунди), ВМРО ДПМНЕ (9 минути и 30 секунди), претседателот Ѓорге Иванов и ДИК кои имаат по 4 минути и 23 секунди, органите на државната управа (2 минути и 53 секунди), Левица (2 минути и 37 секунди), ВМРО НП (2 минути и 11 секунди), експертите и аналитичарите (1 минута и 49 секунди), Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија“ (1 минута и 39 секунди), Јавното обвинителство (1 минута и 4 секунди), Собранието на Р.М (53 секунди), граѓанскиот сектор (37 секунди) и СДСМ (34 секунди).

Информативна програма

Референдумот се појавуваше како тема во сите изданија на „Отворено студио 1“, било преку информирање за актуелни настани, било преку репризи на делови од интервјуа со политичари, а во три изданија на контактно-информативната емисија „Една минута на 1 ТВ“ комуникацијата со гледачите беше исто така, за аспекти од референдумот.

Интервјуа

Во вториот извештаен период, во „Отворено студио 1“ на 1 ТВ беа реализирани 23 интервјуа со една или повеќе личности, кои целосно или во дел се однесуваа на референдумот. Тие беа репризирани

интегрално или во сегменти во истата емисија. Ставовите на соговорниците најчесто беа наклонети кон опцијата „ЗА“.

Дебати

Во две дебатни емисии, реализирани во „Отворено студио 1“, дискутираа соговорници кои имаа спротивставени ставови за референдумот, за Договорот од Преспа и за тоа што носат тие за граѓаните на Република Македонија.

Забелешка:

И во вториот извештаен период, „Хит на денот“, емитуван повеќепати дневно, беше „Отворено писмо“ на раперот Слаткаристика, со став за поддршка на референдумот.

КОМПАНИ 21- М

Дневно-информативни емисии

Резултатите од мониторингот на медиумското претставување за референдумот на КОМПАНИ 21-М, во вториот извештаен период произлегуваат од примерок од девет изданија на централните Вести во 18.30 часот. Со анализата беа опфатени вкупно 2 часа 56 минути и 56 секунди од оваа дневно-информативна емисија, при што најзастапен беше жанрот вести, а имаше и изјави и извештаи.

За прилозите во кои се известуваше за опцијата со одговор „ЗА“ на референдумското прашање беа издвоени 25 минути. КОМПАНИ 21-М најмногу известуваше за активностите на Владата на Република Македонија (19.59%), потоа на ДУИ (18.73%), и на претставници од граѓанскиот сектор (14.16%).

Ставот „Бојкотирам“ се појави во текот на 1 минута и 32 секунди, и тоа во прилози во кои граѓани повикуваа на бојкот и во прилози со изјави на Претседателот на РМ, Ѓорге Иванов.

Категоријата „Други прилози во врска со референдумот“ зафаќа вкупно 1 час и 31 секунда. Овде беа најзастапени извештаите од посетите на странските политичари на Македонија (22.03%). Тука се вметнати и прилозите за неутралниот став на ВМРО ДПМНЕ, според кој, секој граѓанин треба да постапи по свое убедување во врска со Референдумот (13.16%).

Најголемиот дел од прилозите во вестите влегуваат во категоријата „Други теми што не се поврзани со референдумот“ (1 час 29 минути и 42 секунди), во кои често како тема се појавуваше работата на судството (Табела 1).

Табела 1: Структура на субјектите по теми	ТВ 21 - М	
Тема	Траење	Процент
Референдум - ЗА		
СДСМ	00:02:28	9,79%
Беса (Билал Касами)	00:02:09	8,54%
Граѓански сектор	00:03:34	14,16%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:04:43	18,73%
ДПА - Демократска партија на Албанците	00:01:27	5,76%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:00:19	1,26%
НДП - Весел Мемеди	00:00:46	3,04%
ВМРО НП - ВМРО Народна партија	00:01:45	6,95%
Влада на РМ	00:04:56	19,59%
Беса (Африм Гаши)	00:00:40	2,65%
Други субјекти	00:01:16	5,03%
Собрание на РМ	00:01:08	4,50%
Вкупно за тема:	00:25:11	100%
Референдум - БОЈКОТ		
Граѓани	00:00:37	40,22%

Претседател на РМ	00:00:55	59,78%
	Вкупно за тема: 00:01:32	100%
Други прилози во врска со референдумот		
Влада на РМ	00:06:01	9,94%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:13:20	22,03%
ВМРО ДПМНЕ	00:07:58	13,16%
Други субјекти	00:06:30	10,74%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:02:05	3,44%
Граѓански сектор	00:03:38	6,00%
Претседател на РМ	00:02:04	3,42%
СДСМ	00:00:47	1,29%
Без субјекти	00:00:10	0,28%
Собрание на РМ	00:02:10	3,58%
Експерти/аналитичари	00:02:44	4,52%
ДПА - Демократска партија на Албанците	00:00:14	0,39%
Судство	00:02:18	3,80%
Левица	00:00:35	0,96%
ДИК и други органи	00:04:21	7,19%
Јавно обвинителство	00:02:04	3,42%
Граѓани	00:02:46	4,57%
Кризен штаб „Македонија бојкотира“	00:00:46	1,27%
	Вкупно за тема: 01:00:31	100%
Други теми (што не се поврзани со референдумот)		
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:13:59	15,59%
Граѓани	00:11:18	12,60%
Влада на РМ	00:16:06	17,95%
Граѓански сектор	00:08:09	9,09%
Судство	00:04:13	4,70%
Други субјекти	00:13:03	14,55%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:07:14	8,06%
Локална самоуправа	00:11:12	12,49%
Собрание на РМ	00:02:49	3,14%
Јавно обвинителство	00:00:26	0,48%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:01:13	1,36%
	Вкупно за тема: 01:29:42	100%
	Вкупно: 02:56:56	

Во вторите 9 дена од кампањата, на КОМПАНИ 21-М доминираа директните обраќања на лицата што влегуваат во категоријата „Други субјекти“ (14.80%), потоа обраќањата на претставниците на Владата на Република Македонија (14.74%) и изјавите на странските политичари (13.32%), додека за тонските парчиња од изјавите на ВМРО ДПМНЕ беа одвоени 10.75% од директните обраќања. Тонски цитати беа емитувани и на Кризниот штаб „Македонија бојкотира“ (односно на партијата Единствена Македонија), како и на Левица.

Информативна програма

Во извештајниот период беа емитувани 4 изданија на емисијата „10 минути“, во кои за Референдумот зборуваа: портпаролите на Владата на РМ, Миле Бошњаковски и Мухамед Хоџа германската министерка за одбрана, Урсула фон дер Лаине, Радмила Шеќеринска, Невзат Халили (поранешен претседател на ПДП), Махмут Скендери од САД, како и некои пратеници од првиот состав во Собранието на РМ.

Дебати

Во вторите девет дена од мониторингот, на КОМПАНИ 21-М беа емитувани пет изданија на емисијата „Клик Плус“, во кои на темата Референдум 2018 дебатираа: Христијан Мицковски (ВМРО-ДПМНЕ), претседателот на Собранието на РМ, Талат Џафери, аналитичарите: Лирим Дулови, Алберт Муслиу, Арбен Раткоцери, Насер Зибери, Нијази Мухамеди и Арбен Лала, Скендер Кодра, претседател на Американско-албанската академија на науките, Адил Мустафа, претседател на Форумот за човекови права во Македонија, Билјана Јовановска („Независен весник“); Ивана Туфекџиќ, пратеничка на СДСМ, Петар Богојевски од ВМРО-ДПМНЕ, како и универзитетските професори Трајко Славевски и Фатмир Бесими. Беа емитувани и репризни изданија на емисијата „Клик Плус“.

ТВ КЛАН МАКЕДОНИЈА

Дневно-информативни емисии

Резултатите од мониторингот на медиумското претставување за референдумот на КЛАН МАКЕДОНИЈА, во вториот извештаен период (од 19 до 27 септември) произлегуваат од примерок од девет изданија на централните Вести во 18:30 часот. Со анализата беа опфатени вкупно 3 часа 4 минути и 43 секунди од оваа дневно-информативна емисија, при што најзастапен беше жанрот извештај, а имаше и изјави, соопштенија, вести и еден коментар.

За прилозите во кои се известуваше за ставови/активности со јасна одредница да се одговори „ЗА“ на референдумското прашање беа издвоени 20 минути и 27 секунди. КЛАН МАКЕДОНИЈА најмногу известуваше за активностите на Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија“ (53.71%), а остатокот од времето го посвети на сите партии од албанскиот блок, но и на ВМРО Народна партија.

Ставот „Бојкотирам“ се појави во текот на 56 секунди (во прилог за изјавата на Претседателот на РМ, Ѓорге Иванов дека ќе го бојкотира Референдумот).

Најголемиот дел од прилозите влегуваат во категоријата „Други прилози во врска со референдумот“ – 1 час 48 минути и 17 секунди. Овде беа најзастапени извештаите од посетите на странските политичари на Македонија (22.64%). Во оваа категорија се кодирани и прилозите за неутралниот став на ВМРО ДПМНЕ: секој граѓанин да постапи по свое убедување.

Во Другите прилози кои не беа поврзани со референдумот (55 минути и 3 секунди), честопати како тема се појавуваше работата на судството односно одредени актуелни судски постапки (Табела 1).

Табела 1: Структура на субјектите по теми	ТВ Клан Македонија	
Тема	**Траење**	**Процент**
Референдум - ЗА		
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:01:20	6,52%
ДПА - Демократска партија на Албанците	00:01:18	6,36%
Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“	00:10:59	53,71%
Беса (Африм Гаши)	00:00:48	3,91%
Влада на РМ	00:01:39	8,07%
ВМРО НП - ВМРО Народна партија	00:01:34	7,66%
Собрание на РМ	00:01:16	6,19%
Алијанса на Албанците	00:01:33	7,58%
	Вкупно за тема: 00:20:27	100%
Референдум - БОЈКОТ		
Претседател на РМ	00:00:56	100%
	Вкупно за тема: 00:00:56	100%
Други прилози во врска со референдумот		
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:24:31	22,64%
Влада на РМ	00:18:02	16,65%
ВМРО ДПМНЕ	00:13:22	12,34%

ДИК и други органи	00:04:15	3,92%
Собрание на РМ	00:02:06	1,94%
Граѓани	00:08:17	7,65%
Коментар/осврт	00:02:57	2,72%
Експерти/аналитичари	00:07:58	7,36%
Други субјекти	00:10:39	9,84%
Граѓански сектор	00:04:49	4,45%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:02:03	1,89%
ДПА - Демократска партија на Албанците	00:01:03	0,97%
Јавно обвинителство	00:01:41	1,55%
Судство	00:02:53	2,66%
СДСМ	00:01:08	1,05%
Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“	00:00:51	0,78%
Кризен штаб „Македонија бојкотира“	00:00:51	0,78%
Претседател на РМ	00:00:51	0,78%
	Вкупно за тема: 01:48:17	100%
Други теми (што не се поврзани со референдумот)		
Влада на РМ	00:06:22	11,57%
Други субјекти	00:37:42	68,48%
ВМРО ДПМНЕ	00:00:48	1,45%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:05:03	9,17%
Јавно обвинителство	00:00:50	1,51%
Локална самоуправа	00:00:50	1,51%
Експерти/аналитичари	00:03:28	6,30%
	Вкупно за тема: 00:55:03	100%
	Вкупно: 03:04:43	

Во вторите 9 дена од кампањата, на КЛАН МАКЕДОНИЈА доминираа директните обраќања на Владата на Република Македонија (18.65%), на странските политичари (16.31%), како и на Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија“ (15.04%).

Сите политички партии од албанскиот блок имаа одреден процент директни обраќања, а значаен дел беше посветен и на обраќањата на ВМРО ДПМНЕ (8.80%).

ТВ ШЕЊА

Дневно-информативни емисии

Резултатите од мониторингот на медиумското претставување на референдумот на ТВ Шења за вториот извештаен период, произлегуваат од примерок од девет изданија на централните вести во 18 часот и 55 минути емитувани во периодот од 19 до 27 септември. Со анализата на дневно-информативната емисија, беа опфатени вкупно 3 часа 22 минути и 19 секунди, при што во вестите исто како во првиот извештаен период најзастапен беше новинарскиот жанр извештај, потоа вест, соопштение и изјава.

Методолошката категорија „Референдум - ЗА“ ги опфаќа сите прилози во кои јасно се пренесуваа ставови и изјави за гласање „ЗА“ на референдумското прашање. За овој извештаен период, ТВ Шења за ваквите прилози одвои 52 минути и 35 секунди во вестите, преку кои ги покриваше активностите на Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија“, ДПА, Беса и Алијанса на Албанците кои на средби со граѓани и прес-конференции повикуваа да се гласа „ЗА“. Оваа методолошка категорија ги опфаќа и обраќањата на странските политичари и амбасадори кои упатуваа пораки до македонскиот народ да излезат и да гласаат позитивно на референдумот.

Ставот за бојкот на референдумското изјаснување во вестите беше вклучен само во два прилога од 23 и од 27 септември со вкупно траење од 3 минути и 41 секунда, во кои беа пренесени изјави на Претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов за бојкотирање на референдумот.

Со 1 час 20 минути и 52 секунди, методолошката категорија „Други прилози во врска со референдумот“ зазема најмногу време од централните вести на ТВ Шења. Овде беа најзастапени прилозите во кои се известуваше за активностите на ДИК поврзани со референдумскиот процес, потоа изјавите на странските политичари во врска со нивните ставови за референдумот и Преспанскиот договор без директни повици до граѓаните за гласање, како и неколкуте прилози во кои беа пренесени изјави и соопштенија од ВМРО ДПМНЕ.

Во методолошката категорија Други теми (кои не се поврзани со референдумот) влегуваат сите прилози во кои се опфатени редовните активности на Владата (34 минути и 43 секунди), извештаи од судските процеси, изјави на експерти на теми кои не се поврзани со референдумот итн. За овој извештаен период за ваквите прилози беше издвоено 1 час 5 минути и 11 секунди од вкупното анализирано време.

Табела 1: Структура на субјектите по теми	ТВ Шења	
Тема	**Траење**	**Процент**
Референдум - ЗА		
Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“	00:18:33	35,28%
Беса (Африм Гаши)	00:04:58	9,45%
Граѓански сектор	00:02:50	5,39%
ДПА - Демократска партија на Албанците	00:03:41	7,00%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:08:18	15,78%
Влада на РМ	00:01:38	3,11%
Алијанса на Албанците	00:04:41	8,91%
ВМРО НП - ВМРО Народна партија	00:02:24	4,56%
Други субјекти	00:02:51	5,42%
Собрание на РМ	00:01:16	2,41%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:01:25	2,69%
Вкупно за тема:	00:52:35	100%
Референдум - БОЈКОТ		
Претседател на РМ	00:03:41	100%
Вкупно за тема:	00:03:41	100%
Други прилози во врска со референдумот		
Влада на РМ	00:12:48	15,83%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:22:46	28,15%
Други субјекти	00:01:18	1,61%
ДИК и други органи	00:23:35	29,16%
Јавно обвинителство	00:03:43	4,60%
ВМРО ДПМНЕ	00:03:33	4,39%
Собрание на РМ	00:04:40	5,77%
Граѓански сектор	00:05:10	6,39%
Судство	00:03:19	4,10%
Вкупно за тема:	01:20:52	100%
Други теми (што не се поврзани со референдумот)		
Влада на РМ	00:34:43	53,26%
Судство	00:04:42	7,21%
Без субјекти	00:06:46	10,38%
Експерти/аналитичари	00:04:18	6,60%
Локална самоуправа	00:03:31	5,40%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:03:53	5,96%
Граѓански сектор	00:01:43	2,63%
Други субјекти	00:04:35	7,03%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:01:00	1,53%
Вкупно за тема:	01:05:11	100%
	Вкупно: 03:22:19	

ТВ Шења одвои 35 минути и 7 секунди простор во вестите за гледачите изворно да ги чујат субјектите за чии активности известуваа. Преку директни обраќања најзастапени беа странските политичари и амбасадори (10 минути и 33 секунди), претставниците на Владата на РМ (7 минути и 16 секунди) и Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија (4 минути и 30 секунди).

Интервјуа

На 21 септември во „Отворено студио“ гостуваше претседателот на Алијанса на Албанците, Зијадин Села. Во интервјуто Села го сподели својот личен став и ставот на партијата за референдумот и ги повика граѓаните да излезат да гласаат ЗА. Репризи на ова интервју беа емитувани на 22 септември во 3 часот и 33 минути и во 12 часот.

На 26 септември ТВ Шења емитуваше интервју со амбасадорот на ЕУ во Македонија, Самуел Жбогар. Репризи на ова интервју се емитуваа следниот ден во 2 часот по полноќ и во 13 часот.

На последниот ден пред референдумскиот молк, на 27 септември, во „Отворено студио“ гостуваше Талат Џафери, претседателот на Собранието на РМ.

Радија на државно ниво

РАДИО КАНАЛ 77

Дневно-информативни емисии

Во вториот извештаен период (19 до 27 септември) медиумот емитуваше кратки вести од понеделник до петок, на секој час почнувајќи од 7 до 21 часот. Обемот на емитуваните вести, методолошки не беше доволен за анализа.

Информативна програма

Канал 77 во периодот кој беше предмет на мониторинг, емитуваше едно издание на актуелно-информативната говорна шоу програма Стадион, со водителот Столе Наумов. Во ова издание емитувано на 22 септември, се дискутираше за Преспанскиот договор и претстојниот референдум на 30 септември. Гости во студиото беа Амди Бајрам – претседател на Сојузот на Ромите, Ванчо Шехтански – ТМРО и новинарот Љупчо Златев. За време на емисијата имаше директни јавувања на новинарот Миодраг Мишолиќ и на претседателот на ПЦЕР, Самка Ибраимовски. Репризи на ова издание на Стадион се емитуваа на 25 и 27 септември.